# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА УРГЕНТЕН УВОЗ

**"Сл. весник на Р Македонија" број 30/99 од 20.05.1999 год.**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со:

- кредит во износ од 36 милиони и 900 илјади (36.900.000) специјални права на влечење (СДР), еквивалент на 50 милиони американски долари, наменет за поддршка на платниот биланс на Република Македонија.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Договор по Проектот за кредит за ургентен увоз, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

**Член 3**

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 35 години со грејс период од десет години.

Кредитот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 1 февруари и 1 август секоја година, почнувајќи од 1 август 2009 година, а завршувајќи на 1 февруари 2034 година.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето ва сила на Договорот од член 2 на овој закон до денот на повлекувањето на средствата.

На повлечените средства од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 3/4 од 1% (0,75%), годишно.

Провизијата од ставовите 3 н 4 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 1 февруари и на 1 август секоја година.

**Член 4**

Кредитот ќе се операционализира преку Народната банка на Република Македонија како агент Банка на Владата на Република Македонија за што ќе се склучи посебен договор меѓу Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија.

**Член 5**

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”